Општина Неготино потпиша договор за соработка со невладината организација „ЦИСС“ од Палермо Италија за развој и поголема промоција на граѓанското општество. Проектот се спроведува во СОУ „Св. Кирил и Методиј“ каде се обучуваат професори за современи методи на настава од областа на граѓанското општество, на неколку семинари организирани од ЦИСС. Исто така дел од професорите ќе имаат можност работно да ја посетат Италија како дел од проектот. По завршувањето на обуките професорите ќе треба да ги пренесат знаењата на учениците од овој средношколски центар. По завршувањето на обуките исто така ќе се изврши и еден градежен зафат преку овој проект, а истиот ќе биде поставен како приоритет од страна на училиштето.